РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

Примено: 17. 06. 2025			
Орг. Един	Број	Прилог	Вредност
02	469/1		

До

Сенатот на

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" – Охрид (УИНТ)

Охрид, 17.06.2025год.


Предмет: **Редовен 6-месечен извештај за активностите спроведени од страна на овластено лице за прием на пријави на корупција на УИНТ, за периодот ноември 2024 - мај 2025.**

Почитувани,

Врз основа на Законот за високо образование и Правилник за работа и надоместок за овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот (арх.бр. 01-451/1 од 25.06.2021), со одлука арх. бр. . 02-740/4 од 12.11.2024, избрана сум за овластено лице на УИНТ за прием на пријави на корупција.

Согласно Правилникот, го поднесувам овој 6-месечен извештај за спроведените и планираните активности во периодот ноември 2024 – мај 2025 година.

1. *Спроведени активности за подостапно пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите*



- Во соработка со универзитетското студентско собрание, на 12.5.2025 г., во училницата 5 (акцелератор) одржана е инфо-средба со студентите, наставниот и административниот кадар на универзитетот. Беа отворени теми за зголемување на свеста за корупцијата на универзитетите, за нејзино детектирање, пријавување и начини за сузбивање. На средбата своја презентација имаше и студентскиот правобранител, па се отвори плодна дискусија и на темата „права на студентите".
- Ставен е постер во просториите на универзитет за охрабрување на вработените и студентите за пријавување корупција.

2. *Тековно следење на примената на Нацрт – политиката за спречување на корупција на универзитетот и планирани активности*

Согласно донесениот акциски план, следниве активности редовно се извршуваат од страна на администрацијата на УИНТ:

- Јавно објавување на донесени Правилници и други интерни акти на веб страната на УИНТ, како и конкурси (тековно се спроведува);
- Јавно објавување на избори во звања на веб страната на УИНТ (објавени се сите досегашни избори во звања и тековно се објавуваат сите новоизвршени избори);
- Јавно објавување на Одлуките за избор на Ректор, Проректор, Декан и други функции на УИНТ на веб страната на Универзитетот (јавно е достапна преку веб страната на УИНТ целата документација во врска со изборот на Ректор, а тековно ќе бидат објавувани и одлуките за избор на декани и проректор/и);
- Информирање на вработените и студентите на УИНТ за нивните права во случај на корупција (преку објавените документи на веб страната, а дополнително се одржуваат информативни средби);
- Спроведување континуирано запознавање информирање на студентите и вработените на УИНТ со механизмите за справување со корупција и запознавање со нивните права и обврски во таквите околности (тековно).

3. *Информација за доставени пријави на корупција*

- Во извештајниот период не е доставена ниту една пријава.

Со почит,
Овластено лице за пријави на корупција,
Проф. д-р Елена Хаџиева

Хаџиева